# КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# С Т А Т У Т

**ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ**

**2023 година**

Врз основа на член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за здруженија и фондации (Сл. Весник на РМ број 52/2010 и 135/2011) и член 32 став 2 алинеја 1 од Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија од 29.01.2022 година (пречистен текст), согласно член 4, 5, 18, и 104 од Законот за здруженијата и фондациите (Сл.весник на РМ бр. 52/2010 и 135/2011) и член 10 став 3 и член 14 од Законот за спорт (Сл. Весник на РМ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/2011, 51/2011, 64/2012, 148/2013, 187/2013, 42/2014, 138/2014, 177/2014, 72/2015, 153/2015, 6/2016, 55/2016, 61/2016, 106/2016, 190/2016, 98/2019 и 244/2019) Собранието на Карате федерацијата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 11.02.2023 година, донесе

# С Т А Т У Т

**(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Карате федерацијата на Република Северна Македонија, (во натамошниот текст: Федерацијата) е здружение настанато со здружување на карате клубовите во Република Северна Македонија, заради остварување и усогласување на своите интереси и заради вршење на дејности и активности кои се стремат кон развивање, организирање, потикнување, пропагирање, збогатување, негување, популаризирање, унапредување и реализирање на најразновидни форми, содржини и методи на работа во карате спортот кај граѓаните од сите возрасти во Република Северна Македонија, со цел во карате спортот да се постигнат врвни спортски резултати, како и да се задоволат основните интереси на учесниците во оваа област.

**Член 2**

Федерацијата своите цели и задачи ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за здруженија и фондации, Законот за спорт, овој Статут и општите и други акти што ќе ги донесе, како и Статутите на БКФ, ЕКФ и ВКФ.

**Член 3**

Името на Федерацијата е: **КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**.

Скратен назив е **КФРСМ**.

**Член 4**

Седиште на Федерацијата е во Скопје, ул.Столтенбергова бр.1.

Федерацијата се организира и делува на подрачјето на Република Северна Македонија и пошироко.

**Член 5**

Федерацијата има својство на правно лице. Статутот на правното лице го стекнува со денот на запишувањето на Федерацијата во Централниот регистер на РСМ.

Федерацијата има своја жиро сметка.

Федерацијата има печат и штембил.

Печатот има тркалезен облик во чија внатрешност кружно е испишан следниот текст:

Карате федерација на Република Северна Македонија-Скопје, а во средината се наоѓа силуета на спортисти (каратисти).

Штембилот има правоаголен облик со следниот текст:

Карате федерација на Република Северна Македонија,

број__________________________________________,

_____________________________________________,

/дата и година/

Скопје.

**Член 6**

Федерацијата има знаме. Знамето на Федерацијата е со големина 0.6 x 1 м1, со црвена основа на кое од едната страна се наоѓа знакот на Федерацијата, со натпис „Карате федерација на Република Северна Македонија“, а од другата страна знамето на Република Северна Македонија.

Федерацијата има знак (амблем). Знак на Федерацијата е тупаница која се наоѓа во средината на државните граници на Република Северна Македонија.

**Член 7**

Федерацијата е аполитична спортска организација која не прави национална, верска и расна разлика и како спортска организација нема да биде зачленета во ниедна политичка организација односно странка.

Федерацијата не може и не смее да врши активности на политичка партија, односно не може да обезбедува директно или индиректно финансирање на конкретна политичка партија и да влијае на изборите.

Како влијание на избори во смисла на став 2 од овој член се подразбира учество на Федерацијата во избори и изборна кампања за одредена политичка партија и директно или индиректно финансирање на изборна кампања на политичката партија

Федерацијата е независна во управувањето, определувањето и остварувањето на целите и дејностите утврдени во овој Статут, во согласност со Уставот и закон.

Федерацијата може слободно да ги искажува и промовира своите ставови и мислења на прашања од нејзин интерес, да поведува иницијативи и да учествува во градење на јавно мислење и креирање на политиките.

**Член 8**

Федерацијата се здружува и е член на Олимписки комитет на Северана Македонија, како и во меѓународните институции и асоцијации во областа на карате спортот (Балканската карате федерација-BKF, Европската карате федерација-EKF и Светската карате федерација-WKF).

Федерацијата може да соработува и со други институции во областа на спортот во земјата и во странство.

**Член 9**

Федерацијата ја претставува и застапува претседателот на Федерацијата. Во случај на отсутност на претседателот на Федерацијата, Федерацијата ја претставува член на Извршниот одбор кој ќе го определи претседателот.

Претседателот на Федерацијата може за точно определини правни дејствија да ополномошти лице кое ќе ја застапува Федерацијата.

**Член 10**

Работата на Федерацијата се заснива на начелата на јавност и транспарентност.

Јавноста и транспарентноста во работата на Федерацијата се остварува особено преку:

- Поднесување, до членовите на Собранието на Федерацијата, на годишен извештај за работата на Извршниот одбор и останатите тела и органи, во кој се содржани сите настани и активности реализирани од страна на Федерацијата, со Финасиски извештај за годината на која се однесува извештајот, негово доставување во електронска и печатена форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федрацијата за сите општи акти (статут, правилници, и други општи акти) и поединечни акти (одлуки, решенија, заклучоци и сл.) донесени од страна на Собранието, Извршниот одбор, како и на останатите тела на Федерацијата, со кои се утврдуваат права и обврски на спортистите, тренерите, судиите и клубовите членки на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Информирање на членките на Федерацијата за констатациите и извештаите од Одборот за контрола, за работата на органите и телата на Федерацијата, нивно доставување во електронска форма и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Присуство на претставник на карате клубот и претставници на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти од карате спортот, членки на Федерацијата, на седниците на Извршниот одбор и телата на Федерацијата, кога се разгледуваат иницијативи, предлози и материјали
  доставени во пишана форма од нивна страна, а се однесуваат на прашања од работата и надлежноста на Федерацијата;
- Доставување на членките на Федерацијата, во електронска форма, на извештаи и програми за работа, календар за организација на натпревари за тековната година, финасиски програми, извори на приходи, нивно стекнување и трошење, материјално- финансиско работење и друго и објавување на ВЕБ страната на Федерацијата;
- Овозможување на увид на службени лица во: извештаите и програмите за работа, финасиските програми, изворите на приходи, нивното стекнување и наменско трошење, материјално-финансиското работење и други прашања од работата на Федерацијата;
- Информирање преку интерни гласила, билтени, стручни списанија, дневен печат, радио, телевизија, ВЕБ страницата на КФРСМ и на друг начин за работата на Федерацијата.

## II. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОСТВАРУВАЊЕ

**Член 11**

Основни цели и задачи на Федерацијата се:

- поттикнување, омасовување, развој и унапредување на карате спортот;
- координирање и усогласување на програмските активности на членовите на Федерацијата;

- го организира и спроведува системот на карате натпревари;
- води грижа за квалитетот на своите членови и нивно перманентно учество на сите карате натпревари и манифестации;
- води грижа за објектите во кои клубовите ја одвиваат својата основна дејност-тренингот;
- се грижи за унапредување на здравствената заштита на каратистите;
- се грижи за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри за работа во клубовите;
- презема активности за перманентно стручно оспособување и едукација на тренерскиот кадар, како и на судиите;
- презема мерки и активности за постигнување на врвни резултати во карате спортот;
- учествува и организира државни и меѓународни натпревари од пријателски и официјален каратктер;
- организира настапи и манифестации за презентирање на постигнувањата во карате спортот пред граѓанството од Република Северна Македонија;
- презема активности за остварување на членство и меѓународна соработка со соодветни институции и асоцијации во областа на карате спортот;
- развива и остварува издавачка дејност за популаризација на карате спортот;
- развива соработка со Агенцијата за млади и спорт, Олимписки комитет Северна Македонија, Балканската,Европската и Светската карате федерација.
- врши и други работи и задачи утврдени со Законот за спорт.

**Начин на остварување на целите**

**Член 12**

Остварување на целите и задачите се врши преку:

- организирани форми на спортување и рекреација;
- реализација на програми за едукација и за перманентно стручно оспособување и усовршување на стручни кадри, судиите и другите лица што учествуваат во спроведувањето на програмите во областа на карате спортот (семинари, школи симпозиуми, испити и сл.);
- тренинзи, подготовки и настап на спортски карате натпревари;
- организирање на спортски натпревари;
- меѓународна спортска соработка со соодветни институции и асоцијации во областа на карате спортот;
- контрола и стручен надзор во спроведувањето на вкупната работа и програмските содржини;
- изготвување на концепти и програми за развој на карате спортот;
- други форми и содржини преку кои се развива, организира, афирмира, потикнува, пропагира, шири и реализира карате спортот.

**Член 13**

За развој на карате спортот и постигнување на врвни спортски резултати во оваа област, Федерацијата изготвува посебен концепт заснован на научни и стручни принципи.

**Член 14**

Федерацијата својата активност ја развива преку научно засновани и конципирани долгорочни, среднорочни и годишни програми кои се објективно мерливи, чии основни елементи се: разновидност на формите, содржините и методите, прилагоденост на потребите и интересите на населението од сите возрасти, современост на начинот на кој се пропагираат, организираат и реализираат, усогласени со објективните материјални и други можности на членството и граѓаните.

**Член 15**

За остварување на своите цели, задачи и програмски активности Федерацијата остварува соработка со предучилишните, училишните и здравствените организации, односно установи, други здруженија на граѓани во областа на спортот, социјално-хуманитарни, високо-образовни или стручни организации, субјектите во стопанството, хотелско-угостителските и туристичките претпријатија и други правни лица кои имаат интерс да се вклучат во програмските активности на Федерацијата или да реализираат заеднички програми и акции со Федерацијата.

## III. ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ФЕДЕРАЦИЈАТА И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВОТО

**Член 16**

Членувањето во Федерацијата е доброволно.

Член на Федерацијата може да биде секој карате клуб кој постои на територијата на Република Северна Македонија кој ќе ги исполни следните услови:

- да достави барање за прием во членство на Карате федерација на Република Северна Македонија;
- да е регистриран во Централниот регистер согласно Законот за здруженија и фондации;
- да ги има сите потребни документи за бавење со дејност спорт согласно Законот за спорт;
- да потпише пристапница за членување во Карате федерацијата на Република Северна Македонија и изјава дека е запознат и дека ќе ги почитува одредбите од Статутот и другите акти на Карате федерацијата на Република Северна Македонија и Статутот на Европската и Светската карате федерација.

Извршниот одбор на првата седница го разгледува барањето на клубот за членство и констатира дали се исполнети условите пропишани со став 2 на овој член.

Доколку се исполнети условите за членство, Извршниот одбор му предлага на Собранието прием на нов член, а до приемот стекнува статус на привремен член.

Собранието, на првата наредна седница го врши приемот на новиот член на Федерацијата.

**Член 17**

Федерацијата може да има свои почесни членови, кои можат и да не бидат државјани на Република Северна Македонија, доколку со својата активност и работа видно придонесувале или придонесуваат за развојот на карате спортот во Федерацијата или пошироко.

**Член 18**

Федерацијата води регистар на членови и евиденција на членовите на органите.

Податоците од ставот 1 на овој член се ажурираат најмалку еднаш годишно. Федерацијата ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите кои тоа го побарале.

Податоците од ставот 1 на овој член се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 19**

Престанок на членство во Федерацијата настапува;

- со грубо кршење на дисциплината и спортскиот морал;
- непочитување на одредбите на Статутот и другите акти на Федерацијата;
- неспроведување на заклучоците на Собранието на Федерацијата;
- неплаќање на членарината повеќе од една година;
- не учествување во активностите на Федерацијата повеќе од две години;
- самоволно истапување.

Одлуката за престанок на членството ја донесува Собранието на Федерацијата на предлог на Извршниот одбор.

## IV. ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 20**

Членовите на Федерацијат ги имаат следните права и должности:

- активно да учествуваат во работата и одлучувањето во Федерацијата;
- претставниците на членовите можат да бираат и да бидат избирани во органите и телата на Федерацијата;
- да даваат предлози и забелешки на работата на органите и телата на Федерацијата;
- други права кои им припаѓаат врз основа на Статутот на КФРСМ;
- сите членови имаат еднакви права и должности:
- членовите на Федерацијата плаќаат годишна членарина во висина која ја одредува Извршниот одбор на Федерацијата.

**Член 21**

Членовите на Федерацијата имаат право и должност да учествуваат во целокупната работа на Федерацијата, особено во остварувањето на програмските активности и во работата на органите и телата како и во останатите форми на одлучување.

Членовите на Федерацијата своето право на учество во одлучувањето го остваруваат по пат на лично изјаснување на состаноци и седници, по пат на претставници во органите на Федерацијата и со учество во склучување на договори за прашања од општ и заеднички интерес.

Правата од став 1 и 2 од овој член, членовите деца до 18 години ги остваруваат преку своите родители како нивни законски застапници.

Лице на кое му е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија или заради изречена дисциплинска казна е под суспензија (се додека трае суспензијата) не може да биде бирано на било која функција во Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

**Член 22**

Членот на Федерацијата има обврска:

- да се залага за остварување на целите и задачите од член 11 од овој Статут и да учествува во реализирање на програмските содржини, активности и акции;
- да присуствува на состаноците;
- да го чува угледот на КФРСМ и достојно да ја претставува Федерацијата на сите настапи и натпревари во земјата и во странство;
- да се однесува според нормите на спортскиот кодекс на карате спортот;
- да го чува имотот и опремата на Федерацијата и да ги употребува реквизитите и другата опрема со должно внимание, според упатствата и укажувањата на стручните кадри на Клубовите и Федерацијата;
- да придонесува за омасовување и афирмација на Клубовите и Федерацијата и за стручно издигнување и подобрување на методите за работа;
- редовно да плаќа членарина и други придонеси за нормално и непречено функционирање на Федерацијата.

## V. УПРАВУВАЊЕ СО ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 23**

Организацијата и односите во работата на Федеарцијата се уредени така да со него управуваат непосредно членовите на Клубовите здружени во Федеарцијата, или преку своите претставници, со ште се постигнува активно да одлучуваат за сите суштински прашања од работата на Федерацијата, да ги остваруваат своите права и интереси и да вршат контрола над работата на сите органи и служби на Федерацијата.

**Член 24**

Претставникот преку кој членовите на Клубовите се претставени и управуваат со Федерацијата има право и обврски:

- да бира и биде биран во органите на Федерацијата;
- да предлага решавање на прашања од заеднички интерес за членовите;
- да работи на развивање и унапредување на општествените и другите активности кои произлегуваат од Законот за спорт, Статутот, од програмските цели и задачи и од усвоените одлуки и заклучоци;
- да ги спроведува во целост одредбите од Законот, овој Статут и програмските активност;
- да ги застапува интересите и ставовите на Клубот и Федерацијата;
- да бара стручна и друга помош од областа на облиците на активности во карате спортот.
- редовно да го известува Клубот чиј претставник е за работата на органите и телата на Федерацијата.

## VI. ОРГАНИ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 25**

Органи на Федерацијата се:

1. Собрание;
2. Извршен одбор;
3. Одбор за контрола.

### 1. СОБРАНИЕ

**Член 26**

Собранието е највисок орган на Федерацијата.

Собранието го сочинуваат:

- претседателите на карате клубовите членки на Федерацијата и
- претседателите на организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.

Претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член, во случај на спреченост, можат да ополномоштат, со нотарски заверено полномошно и друго лице, кое ќе го претставува претседателот на седницата на Собранието.

Мандот на членовите на Собранието трае колку што изнесува мандатот на претседателите од став 2 алинеја 1 и 2 од овој член.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година или ако не учествувале во активностите на Федерацијата повеќе од две години.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 2 од овој член не можат да учествуваат во работата на Собранието и да гласаат ако не платиле членарина повеќе од една година.

Членовите на Собранието од став 2 алинеја 1 и 2 и ополномоштените лица од нив не можат да учествуваат во работата на Собранието доколку им е изречена дисциплинска казна исклучување од Карате федерацијата на РС Македонија, или заради изречена дисциплинска казна се наоѓаат под суспензија, се додека им трае суспензијата.

Собранието избира претседател.

Мандатот на претседателот на Федерацијата трае четири години.

Исто лице може да биде избрано за претседател на Федерацијата, најмногу два четиригодишни мандати последователно и истото лице може повторно да биде избрано по истекот на временскиот период од најмалку еден полн мандат.

Членовите на Собранието на Федерацијата за својата работа одговараат пред членовите на Собранието на карате клубовите и членовите на Собранието на организационите облици од став 2 алинеја 2 од овој член, членки на Федерацијата.

**Член 27**

Собранието се состанува по потреба а најмалку еднаш годишно, по правило во месец февруари.

Изборно собрание се одржува секоја четврта година.

**Член 28**

Собранието го свикува Претседателот на Федерацијата.

Собранието може вонредно да се свика и по барање на:

- Извршниот одбор на Федерацијата;
- Најмалку една третина од вкупниот број на карате клубовите и организационите облици на спортските тренери, ветерани, судии и спортисти во карате спортот, членки на Федерацијата.
- Одборот за контрола;

Предлогот за свикување на Собранието се доставува во писмена форма до Претседателот на Федерацијата. Во предлогот треба да се предложи и наведе дневен ред со соодветно образложение, да се достават соодветни материјали како и да биде потпишан од предлагачите од став 2 од овој член.

Вонредната седница на Собранието од став 2 од овој член се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за одржување.

Ако во рок од претходниот став Претседателот не го свика Собранието, тоа можат да го сторат предлагачите од став 2 на овој член.

Трошоците за свикување на Собранието ги сносат свикувачите на Собранието, во случајот од став 5 од овој член.

Прашањата кои се разгледувале и за кои Собранието донело одлука по истите на Вонредно собрание на Федерацијата, може повторно да се поставaт на дневен ред и да се расправа по истекот од најмалку една година од одржувањето на Вонредното собрание и донесувањето соодветна одлука.

**Член 29**

Покана со предложен дневен ред и материјалот по истиот им се доставува во писмена форма, на членовите на Собранието најмалку 7 дена пред одржувањето на Собранието.

Во исклучително итни случаеви материјалот за седница на Собранието може да се достави и во пократок рок од рокот утврден во став 1 од овој член.

**Член 30**

Собранието може да се одржи и полноважно да одлучува ако се присутни мнозинството од вкупниот број членови на Собранието.

Ако во закажаното време не е присутен потребен број на членови на Собранието, Собранието се одлага за еден час. Ако и по еден час нема доволен број на членови на Собранието, Собранието се одлага најмалку за 5 дена.

**Член 31**

Одлуките на Собранието се сметаат дека се донесени ако за нив гласале повеќе од половина од присутните членови на Собранието.

За престанок за постоење на Федерацијата Собранието одлучува со двотретинско мнозинство.

**Член 32**

Собранието на Федерацијата расправа и донесува соодветни заклучоци по прашањата кои се однесуваат на вкупната работа на Федерацијата, особено на прашањата кои се однесуваат на остварување на целите и задачите на Федерацијата од член 11 од овој Статут и на законско работење на Федерацијата со цел да се придонесе за поголема афирмација и развој на карате спортот што се негува во Федерацијата и Клубовите, како и на Федерацијата во целина.

Собранието одлучува особено за:

- донесување, изменување или дополнување на Статутот и Правилникот за работа на Дисциплинската комисија на Федерацијата;
- утврдување на основната политика и правците на развој на карате спортот во Република Северна Македонија;
- вкупното располагање со средствата и за статусот и користењето на имотот на Федерацијата;
- усвојување на годишните извештаи и извештаите за мандатниот период за работа на Извршниот одбор и Стручниот совет на Федерацијата и ги објавува на својата ВЕБ страница;
- отстранување на недостатоците и неправилностите во работата на Федерацијата костатирани од страна на Одборот за контрола и други надлежни органи;
- усвојување на долгорочните, среднорочните и годишните планови и програми за работа на Федерацијата;
- донесување на критериуми за признанија и награди за членовите на Федерацијата и на дрги физички и правни лица кои со својата работа и ангажирање придонеле за развој и афирмација на Федерацијата и неговата работа;
- избор и разрешување на Одбор за контрола и претседател и членови на Извршниот одбор на Федерацијата;
- избор на почесни членови на Федерацијата;
- донесување на Деловник за работа на Собранието;
- донесување финансиски план и усвојување на завршната и периодичните сметки на Федерацијата, и ги објавува на својата ВЕБ страница;
- донесување одлука за престанок на Федерацијата со двотретинско мнозинство;
- расправа за постигнатите резултати за развојот на карате клубовите и дава насоки за натамошен развој;
- врши прием на нови членови и престанок на членување во Федерацијата;
- здружување во сојузи и други асоцијации во земјата и во странство од областа на карате спортот;
- други прашања за кои Собранието ќе одлучи да расправа, а кои се однесуваат на остварувањето на функцијата на Федерацијата;

Собранието доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во случаите кога користи средства од Буџетот на Република Северна Македонија, односно буџетите на единиците на локалната самоуправа.

**Член 33**

На Собранието се одлучува со јавно гласање, доколку Собранието не одлучи за одредени прашања да се гласа тајно.

За избор на претседател на Федерацијата Собранието одлучува со тајно гласање. Секој член на Собранието има право на еден глас.

Доколку има итност за донесување на одлука одлуките може да се донесат и без присутво на седницата на Собранието ако членовите на Соранието се изјаснат преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт и на друг начин од кој може да се утврди чинот на изјаснување за определено прашање.

Одредбите од став 3 од овој член не се однесуваат за прашања што се носат на редовно годишно Собрание на КФРСМ.

## 2. ИЗВРШЕН ОДБОР

**Член 34**

Извршниот одбор е извршен орган на Собранието, во кој секој член има еднакви права, обврски и одговорности за работењето и развојот на Федерацијата во согласност со овој Статут.

По правило Извршниот одбор се избира од редот на членовите на Собранието и од редот на други спортски работници на предлог на претседателот на Федерацијата.

Мандатот на членовите на Извршниот одбор трае четири години, со можност на повторен избор.

Во составот на Извршниот одбор задолжително членуваат најмалку двајца правници и двајца економисти.

Бројот на членовите на Извршниот одбор го определува Собранието со посебна одлука, согласно одредбите од Законот за спортот.

Извршниот одбор има Претседател кој го избира Собранието со мандат од 4 години, со можност на повторен избор.

Претседателот на Извршниот одбор е и претседател на Собранието и претседател на Федерацијата.

На предлог на претседателот на Федерацијата Извршниот одбор избира потпретседатели.

**Член 35**

Извршниот одбор работи на седници.

Извршниот одбор се состанува по потреба, а најмалку еднаш во четири месеци.

**Член 36**

Извршниот одбор може полноважно да одлучува ако на седницата присуствуваат најмалку половина од вкупниот број членови на Извршниот одбор.

Одлуките на Извршниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од вкупниот број присутни членови на Извршниот одбор.

Доколку има итност за донесување на одлука одлуките може да се донесат и без присутво на седницата на Извршниот одбор ако членовите на Извршниот одбор се изјаснат преку телефонска конференција, електронска пошта, потпишување на акт и на друг начин од кој може да се утврди чинот на изјаснување за определено прашање.

**Член 37**

Извршниот одбор ги врши следниве работи:

- се грижи, придонесува и презема активности и мерки за реализација на целите и задачите утврдени во чле 11 од овој Статут, еднорочните,долгорочните и годишните програми за работа на Федерацијата, како и на одлуките и заклучоците што ги донело Собранието;
- ги изготвува и предлага финансискиот план и завршната и периодичните сметки за работа на Федерацијата;
- донесува и реализира годишна програма за работа на Федерацијата;
- предлага измени и дополнувања на Статутот на Федерацијата и дава толкување на неговите одредби, помеѓу две Собранија;
- донесува соодветни правилници и други општи акти со кои се регулира работата на Федерацијата од надлежноста на Извршниот одбор, Стручниот совет и работните тела на Извршниот одбор, како и за условите и начините на користењето на имотот на Федерацијата;
- одлучува за прифаќање и склучување на спогодби и договори;
- подготвува материјали за работата на Собранието, свикува седници на

Собранието и му поднесува извештај за својата работа во календарската година;
- одлучува за висината на членарината и другите придонеси што треба да ја платат членовите и другите корисници за користење на услугите и имотот на Федерацијата;
- формира свои работни тела и служби или именува одговорни лица за поквалитетно, поуспешно и поефикасно остварување на својата функција и работа и на работата на Федерацијата во целина;
- ги разгледува програмите и извештаите за работа на своите тела и субјектите од предходната алинеа од овој член, како и органите и телата од член 39 од овој Статут и презема активности и мерки за нивно успешно остварување и за подобрување на состојбите;
- одлучува за доделување на награди, благодарници и јавни признанија на заслужни членови и на клубовите и изготвува предлози за почесни членови на Федерацијата;
- одлучува за вкупното управување и користење на имотот на Федерацијата;
- се грижи за обезбедување на услови, материјално-финансиски средства и други претпоставки за остварување на целите и задачите од член 11 од овој Статут и активноста на Федерацијата и одлучува за нивната намена;
- остварува разни форми на маркетинг преку активностите на Федерацијата;
- се грижи за доследно спроведување на законите и одредбите на овој Статут;
- одлучува во втор степен по приговори на одлуки на дисциплинската комисија и другите работни тела на Федерацијата;
- се грижи за обезбедување на можностите за стручно усовршување и оспособување на стручните кадри од Републиката;
- се грижи за пропагирање и афирмација на активностите на Федерацијата;
- организира самостојно или заедно со други чинители и субјекти советувања, семинари, испити и други форми на унапредување на работата и подигање на стручното ниво на раководните и стручните кадри;
- ги именува и разрешува Претседателот и членовите на Стручниот совет, претседателите и членовите на работните тела (комисии на Извршниот одбор-Натпреварувачка комисија, Регистрациона комисија, Дисциплинска комисија, Судиска комисија, Комисија за нормативно-правни работи и други),како и одговорните лица задолжени за одредени сегменти во работата на Федерацијата;
- избира селектори и генерален секретар на Федерацијата;
- донесува правилници и други акти со кои се регулира организацијата и систематизацијата на работите во Стручната служба; начинот на нивното наградување; права и одговорности и други прашања;
- донесува одлука за основање трговско друштво;
- пропишува единствена содржина и форма на членската книшка и другите видови книшки;
- подготвува предлог за престанување на членството во Федерацијата со исклучување или бришење од евиденција и го доставува до Собранието;
- донесува одлуки за расходување и отуѓување на ситен инвентар и основни средства;
- го следи извршувањето и примената на одлуките од неговата надлежност;
- организира и активно учествува во разни акции и манифестации;
- врши и други работи и одлучува и за други прашања кои се однесуваат на управувањето и работата на Федерацијата и на остварувањето на неговата функција и активност.

**Член 38**

За својата работа Извршниот одбор на Федерацијата одговара пред Собранието.

**Член 39**

Претседателот на Федерацијата:

- се грижи и е одговорен за законското работење на Федерацијата;
- ги свикува и претседава на седниците на Собранието и Извршниот одбор;
- донесува поединечни акти за правата и обврските на вработените во стручната служба на Федерацијата и одлучува за засновање и престанок на работен однос на вработените во Федерацијата, на предлог на Извршниот одбор;
- ги потпишува одлуките и другите акти што ќе ги донесе Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата, потпишува и склучува договори (претходно прифатени од Извршниот одбор) за функционирање на Федерацијата;
- се грижи за доследно спроведување на програмите, заклучоците и одлуките на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата и врши контрола на нивната реализација;
- врши и други работи што произлегуваат од природата на работењето на Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата.

Претседателот на Федерацијата може да запре од извршување акт на Федерацијата и во рок од 8 дена да покрене постапка пред надлежниот орган, кој е спротивен на Уставот, законот и овој статут.

**Член 40**

Претседателот на Федерацијата ја претставува и застапува Федерацијата.

Во случај на спреченост или отсутност на претседателот на Федерацијата, го заменува еден од потпретседателите на Извршниот одбор што тој ќе го определи.

Доколку претседателот на Федерацијата биде отсутен или спречен да ја врши функцијата подолго од шест месеци или е неактивен во вршењето на својата функција, се бира нов претседател на Федерацијата.

Претседателот на Федерацијата може да овласти со полномошно друго лице што би го застапувало Федерацијата за одредени прашања пред надлежните органи на управата, судови и други институции.

Претседателот на Федерацијата може да ги застапува клубовите што се здружени во Федерацијата, пред надлежните судови, органи на управата и други институции доколку за тоа добие полномошно од соодветниот клуб.

За својата работа Претседателот на Федерацијата одговара пред Собранието.

**Член 41**

Извршниот одбор на Федерацијата, за поквалитетно, поуспешно и поефикасно остварување и реализација на своите работи, задачи и функција и на работата на Федерацијата во целина, може да формира соодветни работни тела и служби или именува одговорни лица задолжени за определени прашања.

Составот, надлежностите и задачите на телата и лицата од став 1 од овој член ги определува и утврдува Извршниот одбор на Федерацијата со посебни општи акти.

**3. ОДБОР ЗА КОНТРОЛА**

**Член 42**

Одборот за контрола (во натамошниот текст Одборот), се бира на Собрание.

Бројот на членовите на Одборот ја определува Собранието со посебна одлука.

Мандатот на членовите на Одборот трае 4 години.

На својата прва седница Одборот избира претседател на Одборот.

На работата на Одборот соодветно се применуваат одредбите од член 36 од овој Статут.

Членовите на Одборот не може да бидат едновремено и членови на органите и телата пропишани во овој Статут.

**Член 43**

Одборот врши контрола над:

- примената и спроведувањето на одредбите од Статутот на Федерацијата и други општи и поединечни акти на Собранието, Извршниот одбор и работните тела на Извршниот одбор на Федерацијата;
- користење на финансиските и материјалните средства како и на вкупниот имот кој ги користи и со кој управува Федерацијата;
- вкупната активност на Федерацијата од аспект на доследна примена на законите и другите прописи во нејзината работа.

**Член 44**

Одборот има право и должност за констатираните неправилности да ги извести Собранието и Извршниот одбор на Федерацијата како и да бара преземање на соодветни мерки.

Собранието, Извршниот одбор, Претседателот на Федерацијата и другите лица кои учевстваат во работата на Федерацијата должни се на Одборот да му ја стават на увид и да му ја презентираат сета документација која ја бара Одборот и да му пружат помош за објективно вршење на контролата.

**Член 45**

Со работата на Одборот раководи претседателот.

Одборот се состанува по потреба.

Одборот е должен повремено, а најмалку еднаш годишно да поднесе извештај за работата на Федерацијата.

Одборот за својата работа одговара пред Собранието.

## VII. ИМОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 46**

Недвижниот и движниот имот и средствата на Федерацијата стекнати по било кој основ се сопственост на Федерацијата.

Имотот, односно средствата на Федерацијата го сочинуваат опремата, паричните средства и други материјални вредности.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 47**

Во остварувањето на активноста утврдена со овој Статут, Федерацијата располага со финансиски средства кои секоја календарска година се утврдуваат со финансиски план.

Финансиските средства се користат на начин определен со законските прописи и во согласност со начелата и критериумите за финансирање.

**Член 48**

Федерацијата средствата за финансирање на својата работа ги стекнува од:

- Членарина;
- Основачки влогови;
- Доброволни прилози;
- Донации;
- Подароци (во пари, добра, имотни права);
- Завештанија;
- Легати;
- Дејности со кои се стекнува добивка;
- Кирии и закупнини, како и
- Приходи од инвестиции, дивиденди, камати, заеми и други приходи во согласност со закон и овој Статут.

Федерацијата може да добива средства и од Буџетот на Република Северна Македонија, буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Доколку Федерацијата добие средства од став 2 од овој член должна е да достави деловен и финансиски извештај до надлежниот орган на Државната управа, односно органот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

**Член 49**

Материјално-финансиското работење на Федерацијата се врши врз основа на позитивните законски прописи од оваа област.

**Член 50**

За користењето и располагањето со средствата на Федерацијата остварени од изворите наведени во член 48 од овој Статут одлучуваат органите на Федерацијата, согласно надлежностите утврдени во овој Статут, кои преземаат мерки за економско целесообразно користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Имотот, односно средствата на Федерацијата се користат исклучиво за остварување на целите и задачите, како и на функцијата на Федерацијата утврдени во овој Статут и програмата.

Членовите на органите на Федерацијата и застапниците на Федерацијата по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Федерацијата, а над личните интереси, односно во интерес на оставрување на целите, во согласност со закон и овој Статут.

Средствата на Федерацијата не може да се исплаќаат на членовите, основачите, членовите на органите, застапниците, вработените или со нив поврзани лица освен во случаи кога член на Федерацијата е корисник на услугите на Федерацијата во согласност со целите определени со овој Статут и програмата на Федерацијата.

Работата во органите на Федерацијата по правило е доброволна, а членовите на органите на Федерацијата можат да примаат надоместок на патни и дневни трошоци, како и надоместок за вршење на работи во органите на Федерацијата во согласност со закон.

**Член 51**

Федерацијата донесува годишен финасиски план за приходите и расходите.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по сите основи, како и расходите за активностите на Федерацијата: набавка на опрема и реквизити, одржување на опремата, плати на вработените, други надоместоци по основ на работен однос, материјални трошоци за работата на Федерацијата и други расходи сврзани со работата.

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Федерацијата е Претседателот на Федерацијата.

**Член 52**

Федерацијата одговара за обврските со целиот свој имот и средства.

Членовите на органите на Федерацијата одговараат лично и неограничено за нивните обврски кон Федерацијата, за злоупотреба на средствата на Федерацијата, за постигнување на цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Федерацијата како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

**Член 53**

Членовите на органите на Федерацијата и нејзините застапници по закон се одговорни солидарно за штетата на Федерацијата предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето.

Барање за надоместок на штета поднесува Одборот за контрола на КФРСМ.

**Член 54**

Федерацијата е должна на својата ВЕБ страница или на друг соодветен начин да ги објавува годишните извештаи за нејзиното работење.

Федерацијата е должна да подготви годишен финансиски извештај, да го достави до надлежниот орган во согласност со закон и да го објави на својата ВЕБ страница или на друг соодветен начин да го направат достапен на јавноста.

Извештаите од ставовите 1 и 2 на овој член, Федерацијата е должна да ги објави најдоцна до 30 април за претходната година.

## IX. СТРУЧНА СЛУЖБА

**Член 55**

Лицата што се вработени на неопределено работно време во Федерацијата и ја остваруваат неговата функција (стручни работи, организациски, административно-технички, материјално-финансиски и други помошни работи) се членови на Стручната служба.

Организацијата и работата на Стручната служба на Федерацијата и начинот на нивното наградување, нејзините права и одговорности се регулираат со колективен договор што го потпишуваат претседателот на Федерацијата или лице што тој ќе го овласти и претставник од вработените во Стручната служба, како и со Општи акти што ги донесува Извршниот одбор на Федерацијата.

**Член 56**

Стручната служба не може да врши работи за други институции без согласност од Извршниот одбор на Федерацијата.

**Член 57**

Извршувањето на одделни работи за кои се потребни пошироки и други стручни знаења Федерацијата може да ги довери на други стручни и научни институции или соодветни стручни и научни лица.

**Член 58**

Членовите на Стручната служба не можат да бидат членови на органите од член 25 од овој Статут

## X. ПРЕСТАНОК НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

**Член 59**

Федерацијата престанува да постои ако:

- за тоа одлучат членовите на седница на Собрание на Федерацијата со двотретинско мнозинство;
- поминало двојно повеќе време од времето предвидено за одржување на седница на Собранието утврдено во овој Статут, а седницата не е одржана;
- во две последователни години не е поднесена завршна сметка во согласност со закон;
- ако бројот на Клубовите членови на Федерацијата биде помал од два;
- се донесе статусна измена која предвидува престанок на постоењето;
- е донесена одлука на надлежен суд;
- се спроведе стечај и
- е спроведена ликвидација.

Одлуката на Собранието на Федерацијата за негово престанување се смета дека е донесена доколку за неа гласале две третини од членовите на Собранието, по претходно изјаснување на сите Клубови во Републиката“.

**Член 60**

За донесување на одлуката за престанок на Федерацијата, претседателот на Федерацијата задолжително писмено во рок од 15 дена од денот на донесувањето ги известува Ценралниот регистер на Републка Северна Македонија и органот на државната управа надлежен за работите на спортот.

Имотот (недвижен и движен) на Федерацијата, неговите обврски и права, во случај на престанок, преминуваат во сопственост на Република Северна Македонија (државна сопственост).

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 61**

Федерацијата е должна во рок од два месеци од влегувањето во сила на овој Статут да ги усогласат и донесат сите општи и поединечни акти и да го усогласат своето работење според овој Статут.

**Член 62**

Иницијатива за изменување или дополнување на Статутот може да покрене секој член на Собранието, Извршниот одбор и Стручниот совет на Федерацијата.

За иницијативата за изменување и дополнување на Статутот одлучува Извршниот одбор на Федерацијата.

Изменувањето и дополнувањето на овој Статут се врши по постапка и на начин за негово донесување.

**Член 63**

Толкување на одредбите од овој Статут дава Собранието, а помеѓу две Собранија Извршниот одбор на Федерацијата.

**Член 64**

Со влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Карате федерацијата на Република Северна Македонија (пречистен текст) донесен на ден 29.01.2022 година.

**Член 65**

Овој Статут влегува во сила во рок од 8 со денот на усвојувањето на Собранието.

Број 43/2

16.02.2023 год.

Скопје

КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Петар Белистојаноски

**Деловоден број: 30120230003057**

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, преку регистраторот Ана Трајчева, постапувајќи по пријавата за упис. на промена на предмет на работење и Статут на КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје, согласно чл.21, 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (''Службен весник на РМ'' бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11, 70/13, 115/14, 97/15, 192/15, 53/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр. 98/19, 122/21 и 215/21) и член 46 од Законот за здруженија и фондации ("Сл.весник на РМ " бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр. РСМ'' бр. 239/22), го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

| | |
|---|---|
| **ЕМБС:** | **5519179** |

## Деловодник

| | |
|---|---|
| **Прием на пријавата:** | 24.02.2023 |
| **Вид на упис:** | Упис на промена |
| **Одобрување на пријавата:** | 13.03.2023 |
| **Деловоден број:** | 30120230003057 |
| **Начин на доставување:** | лично |

| | |
|---|---|
| **Целосен назив на Субјектот на Упис:** | КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Скопје |
| **Акт:** | Статут :<br>Пречистен текст од 11.02.2023 година. |

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6 СКОПЈЕ

## Видови на промени

***Друго***

## Дополнителни Информации

| | |
|---|---|
| **Дополнителни информации:** | Цели и задачи :<br>• поттикнување, омасовување, развој и унапредување на карате спортот;<br>• координирање и усогласување на програмските активности на членовите на Федерацијата;<br>• го организира и спроведува системот на карате натпревари;<br>• води грижа за квалитетот на своите членови и нивно перманентно учество на сите карате натпревари и манифестации;<br>• води грижа за објектите во кои клубовите ја одвиваат својата основна дејност-тренингот;<br>• се грижи за унапредување на здравствената заштита на каратистите;<br>• се грижи за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри за работа во клубовите;<br>• презема активности за перманентно стручно оспособување и едукација на тренерскиот кадар, како и на судиите;<br>• презема мерки и активности за постигнување на врвни резултати во карате спортот;<br>• учествува и организира државни и меѓународни натпревари од пријателски и официјален караткter;<br>• организира настапи и манифестации за презентирање на постигнувањата во карате спортот пред граѓанството од Република Северна Македонија;<br>• презема активности за остварување на членство и меѓународна соработка со соодветни институции и асоцијации во областа на карате спортот;<br>• развива и остварува издавачка дејност за популаризација на карате спортот;<br>• развива соработка со Агенцијата за млади и спорт, Олимписки комитет Северна Македонија, Балканската.Европската и Светската карате федерација.<br>• врши и други работи и задачи утврдени со Законот за спорт. |

1. Жалбата не го одлага извршувањето на решението , согласно чл. 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. весник на РМ 84/05).

2. Решено во Централен регистар на Република Северна Македонија на ден 13.03.2023 година.

3. Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби преку Централниот Регистар на Република Северна Македонија, Регионална регистрациона канцеларија Скопје.

Овластено лице за регистрација:
Весна Данилоска

Потпис и печат

Датум и време на прием
14.03.2023